# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЈАВНОСТА

**Скопје, 2008**

## Република Македонија на 4-то место во Индексот „Како се прави бизнис 2008“, Светска банка




Во однос на реформите што ги спроведе Македонија, Извештајот „Како се прави бизнис “ на ИФЦ - Светска банка ја постави на четвртото место на листата на 10 најреформски земји во светот. Овој Извештај го покрива периодот 2006-2007, и  Македонија е меѓу учесничките кои го направиле најголемиот скок во однос на прогресот на државата и воведените реформи. Поради ефикасниот реформски систем воведен во првите 10 рангирани земји, истите ќе бидат и наградени, и нивниот успех ќе биде признат.

**Република Македонија** го елиминираше минималниот капитал за започнување бизнис, го забрза процесот за добивање дозволи за градење, го намали корпоративниот данок на доход на 12% (на уште 10% планирани за во 2008), и ги поедноставни даночните процедури.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

Според најновиот Извештај „Како се прави бизнис 2008“ на ИФЦ најреформска земја е Египет, која заради големите реформи минатата година има и најголем скок на листата, а потоа лидер во регионот е Хрватска. Покрај четвртото место, меѓу најреформските земји Македонија на генералната листа годинава е рангирана на 75 место, што е скок за 21 место. На прво место и годинава е рангиран Сингапур како земја во која е најлесно да се прави бизнис. Во Извештајот се вклучени 178 земји од целиот свет.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk